Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë Së Veriut Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Ndërmarrja publike për parkingje publike ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 01-381/2
30.07.2025 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2, став 3, како и член 48 и член 49 од Законот за административни службеници ( Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 259/24), како и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднеусување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селчкција, во зависнот од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Сл.Весник на РМ бр.259/24),Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Градски паркинг-Скопје број 02-263/4 од 14.06.2021 година, Јавното претпријатие Градски паркинг -Скопје, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025**

**за унапредување на 1 (еден) административен службеник во ЈП Градски паркинг- Скопје**

1. **Раководител на одделние за јавни набавки,** со шифра **КДР 01 02 Б04 018,**
   **1 (еден) извршител,**

**Посебни услови:**
- Стручни квалификации за ниво Б - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; - правни науки, економски науки
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија
(англиски, француски, германски).
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- потврда за положен испит за лице за јавни набавки

**Работно искуство:**
- за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

**Потребни општи работни комепетенции на основно ниво:**
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

**Општи услови**
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,

- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Распоред на работно време:
- работни часови во неделата: 40,
- работно време од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот
- паричниот износ на основната нето месечна плата 46.308,00денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во ЈП Градски паркинг-Скопје, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Градски паркинг-Скопје број 02-263/4 од 14.06.2021 година и:
- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП Градски паркинг-Скопје до Одделението за човечки ресурси.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да би де предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА**: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка .

ЈП Градски паркинг-Скопје
ВД Директор
Мартин Гаврилски